# богдан борчиќ

## графики



музеј на град скопје
скопје, јуни 1996



***Мета Габршек - Просенц***

*Од каталогот на 3-то Биенале на словенечката графика*
*Долењска галерија*
*Ново место, мај 1994*

*Богдан Борчиќ е значаен претставник на љубљанската графичка школа. И покрај подредувањето на нејзините технолошки и процесни барања, уште пред многу години ја надминува нејзината формална поврзаност со предметните појдовни точки и нагласено естетизираниот структурализам. Секоја приказна, што би можела да се случи на сликовното поле, му станува прекубројна. Конструкцијата на основните ликовни елементи, подредена на законитостите на златниот рез и егзактноста на обработката на графичката плоча, се носители на содржината и формата на графичкиот лист на Борчиќ.*

*Графичкиот опус на Богдан Борчиќ е извонредно обемен и строго логичен во својот развој. Богатата алузивност, која отпрвин црпеше инспирација од (покрај) морскиот живот (циклуси Комишка врата, Хроники, Рибарски знаци), во раздвижените структури го исполнуваше графичкиот лист. Во седумдесеттите години тој му отстапува простор само на еден единствен симбол - знакот (форма на школка), кој анализиран во безбројни промени на формата, полека го губи своето симболичко значење и станува автохтон ликовен елемент. При симболичкото осмислување на избраниот предмет, просторот на графичкиот лист се продлабочува со оптички цртачки и колористички постапки, кои повторно го избегнуваат сплескувањето на ликовниот простор во мигот кога конечно одѕвонила потребата од асоцијативност.*

*Така Борчиќ, од богатата наративност на рибарската опрема и школките, го зачувува само композицискиот однос меѓу површината и деталот. Крајниот минимализам на ликовниот израз го постигнува со постепено изоставување на сé што е непотребно, на сé што не е чиста визуелност. Тој пат го поминал и сеуште го следи кај сликите, како и кај графиката - основниот носител на одделните фази на концептуалниот редослед на ликовното осмислување на површината и бојата, точката и линијата. Кога Борчиќ се одлучил за ликовен јазик пречистен до крај, може да се рече пуристички, воедно се концентрирал на основните ликовни елементи, со кои денес го гради својот графички лист. Кон крајот на седумдесеттите години, точките - последниот спомен на формата на школката, распоредени во квадратни полиња и заменети со линиска мрежа - на познавачите на опусот на Борчиќ сеуште им будат спомени на неговата "асоцијативна фаза". Понатамошниот развој ќе ги избрише и нив, ќе останат само монохромни површини на густи премази боја, при што преовладуваат црната боја и линиските резови.*

*Концентрацијата, а со тоа и изразноста на елементите, употребени во сосема автохтона ликовно-содржинска смисла, се степенуваат во взаемната зависност на целиот циклус графички листови. Борчиќ темата што си ја поставил, ја исцрпува до последната модна конструкциска варијанта. Индивидуализираната интерпретација на општите поими и претстави (хоризонтала-вертикала, квадрат-правоаголник, поле, простор, површина), е поврзана со личната (рачна) димензија на самиот графички процес. Значајната редукција на ликовните елементи на ментален конструкт, чија предметна референцијалност е редуцирана на основните координати на физичкиот и психичкиот простор во кој живееме, ги уврстува графиките а денес и сликите на Борчиќ, во ретките, радикални резултати на словенечкиот минимализам.*

*По изразито минималистичките листови настанати во втората половина на осумдесеттите и во почетокот на деведесеттите години, во кои Борчиќ до крајност ги најнал изразните можности на контрастите на светлите и темните површини или дури го степенувал црното во црно, а пред сé ги изразил острините, односно мекостите постигнати со сува игла и акватинта, во последно време им се навраќа на текстурно побогатите графики со сразмерно големи формати. Нивната триделна конструкција буди спомен на периодот кога Богдан Борчиќ го привлекуваат облиците на уличните знаци; тие ја поттикнале неговата ликовна чувствителност на две нивоа. Во пластично - материјална смисла настанаа објекти во графички - сплескувачки облик кој ја поврзува површината на таблата, линијата на држачот и растерските натписи во нова целина, независна од објектот. Помислата дека уметникот и се враќа на асоцијативноста, би била погрешна. Повторно се среќаваме со разумот одмерените и воедно елементарно почувствуваните односи меѓу површината и линијата, меѓу кадифените црнила и океri и синила, меѓу мазната и структурираната графичка површина. Погледот врз доловеноста на тие односи ни дава естетско задоволство, кое извира од декоративните вредности, како и од емоционалниот флуид, а пред се од концептуалноста која што смисловно го поврзува деталот и целината.*

**БОГДАН БОРЧИЌ**

*Роден е на 26 септември 1926 година во Љубљана.*

*1943-44 - ја посетува школата на Матеј Стернен во неговото студио во Мирје, како и уметничкото училиште на скулпторот Франце Горше во Колизеј, Љубљана; јули 1944 - април 1945 - интерниран во концентрациониот логор Дахау; 1945-51 - студира сликарство на Академијата за ликовна уметност во Љубљана кај професорите М. Михелич, Г. А. Кос, Б. Јакац, Р. Дебењак, Н. Пирнат и С. Пенгов; 1951 - постдипломски студии по сликарство на АЛУ кај професорот Габриел Ступица; 1953-56 - студиски патувања во Париз, Амстердам и Италија; 1958 -59 -ја добива стипендијата Моша Пијаде за курсевите во графичкото студио на Ј. Фридлендер во Париз; 1969 - 84 - професор по графика и сликарство на Академијата за ликовна уметност во Љубљана; 1979 - визитинг-професор по графика на Ликовната академија во Монс, Белгија;*

*1953 - 1996 -повеќе од осумдесет самостојни изложби; 1964 - 1995 - голем број награди*

*Живее и работи во Словењ Градец*

*Адреса: Богдан Борчиќ*

*Об Суходолници 32*

*СЛО-62380 Словењ Градец*

*телефон (386) 0602-41628*





1. *Врежување I,*
   *акватинта*
2. *Врежување X, 1984*
   *акватинта*
3. *Попречно врежување, 1984*
   *бакропис*
4. *Врежување IV, 1984*
   *акватинта*
5. *Црно - Црно, 1984*
   *бакропис и акватинта*
6. *Злашен рез, 1984*
   *акватинта*
7. *"84 - 4", 1984*
   *акватинта*
8. *Црно - Црно 84 -3, 1984*
   *акватинта*
9. *Црно - Црно 4, 1984*
   *акватинта*
10. *Црно - Црно 7, 1984*
    *акватинта*
11. *Црно - Бело 84 - 4, 1984*
    *акватинта*
12. *Црно - Бело 10, 1984*
    *акватинта*
13. *Делење на сликовното поле 85 - 1, 1985, акватинта*
14. *Црно - Бело, 1985,*
    *акватинта*
15. *Црно - Бело - 12, 1985,*
    *акватинта*
16. *Кон златниот рез, 1985*
    *бакропис*
17. *Врежување, 1985*
    *акватинта*
18. *Црно - Црно V, 1984*
    *акватинта*
19. *Црно - Бело X, 1985*
    *акватинта*
20. *Вредување VIII, 1985*
    *акватинта*
21. *Делење на сликовното поле - врежување, 1986, акватинта*
22. *Делење на сликовното поле, 1987*
    *акватинта*
23. *Црно - Бело, 1987*
    *акватинта*
24. *Вертикално I, 1987*
    *акватинта*
25. *Продолжување в десно, 1988*
    *акватинта*
26. *"Т", 1988*
    *акватинта*
27. *Триптих, 1988*
    *акватинта*
28. *Организирање на сликовното поле, 1989, vernis-mou*
29. *"V. M. I. ", 1989*
    *vernis-mou*
30. *Барање на златниот рез, 1990*
    *акватинта*
31. *BI - NM , 1992*
    *акватинта*
32. *Сиво Сино, 1993*
    *акватинта во боја*
33. *BI - NM 2, 1994*
    *акватинта*
34. *MGC - 3, 1994*
    *акватинта*
35. *MGC - 1, 1994*
    *акватинта во боја*
36. *MGC - 3, 1994*
    *акватинта во боја*
37. *MGC - 4, 1994*
    *акватинта во боја*
38. *"96 - 1", 1995*
    *акватинта*
39. *B I L 2, 1995*
    *акватинта*
40. *Врежување 1, 1995*
    *акватинта*



*изложба: "богдан борчиќ - графики"*
*организација: музеј на град скопје и*
*амбасада на р. словенија во македонија*
*одговорен уредник: климе коробар*
*обликување на каталогот: фросина зафировска*
*лектура на преводот:*
*здравко стаматовски*
*скенирање: скенпоинт - скопје*
*скопје, јуни 1996*
*СКОПСКО ЛЕТО '96*